**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петнаесеттото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собраниет 13,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Почитувани колеги, продолжуваме со работа по 56-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велију, Блерим Беџети, Агрон Буџаку, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Насер Ајдини, Лазар Китановски, Оливер Спасовски, Цветанка Иванова, Радмила Шекеринска, Веле Митановски, Мирјана Секуловска, Владо Бучковски, Влатко Серафимов, Никола Ќуркчиев, Ѓорѓи Оровчанец, Даниел Дончев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон.**

Но, почитувани колеги бидјеки до овој момент на списокот се потпишани само 52 пратеници, а три комисии заседаваат по однос на Извештајот од Европската комисија, во исто време и поголем дел од пратениците се на тие комисии, објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 13,03 часот)

(По паузата седница продолжи во 13,36 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата ќе продолжиме со работа.

Почитувани колеги, се обидовме со пауза од половина час да дадеме простор да завршат комисиите кои заседаваат во моментот. Известен сум дека сеуште трае дебатата по однос на Извештајот во комисиите. Во исто време и Анкетната комисија заседава. Тоа значи дека поголем број на пратеници се на тие работни тела.

Објавувам пауза заедно со паузата за ручек, до 15,00 часот.

(Пауза од 13,39 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата ќе продолжиме со работа.

Ги замолувам колегите да влезат во салата и да седнат на своите места.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 58, 1 пратеник се воздржал од гласање, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 57 пратеници, 1 се воздржал од гласање, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 28 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2. Член 8 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 1 за додавање нов став 6 по ставот 5 и на член 23 став 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија го повлече амандманот на член 28 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2.

Пратеникот Лилјана Поповска поднесе амандман на член 1 за бришење на став 5, член 17 на новиот став 8, за менување на член 21, член 21 за додавање нова алинеја по алинејата 1 и на член 23 за менување на став 11 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски поднесоа амандмани на член 8 став 2 и алинеја 1, член 11 став 6, член 25 став 4, член 33 и за менување на член 34 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 5, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Скендер Палоши.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги, јас предложив амандман со кој што сакам да го поправам технички законот. Според укажувањата на лица од оваа сфера на урбанисти ни беше укажано дека можно е со овој член да се направи техничка грешка. Имено, за што се работи? Во стариот Закон, во старата верзија на Законот постои дефиниција на терминот нивелманско решение. Така што нивелманското решение се дефинира како вертикална претстава на уличната мрежа. Тоа значи дека се она што се проектира се нивелира во однос на уличната мрежа. Во новиот закон е предложено да се смени дефиницијата на терминот нивелманско решение и наместо како вертикална претстава на уличната мрежа да гласи: вертикална претстава на теренот. Тоа би значело дека треба да се направат многу поопсежни мерења за секој план што ќе се проектира и тоа значи според објаснувањата на стручните лица, усложнување на процедурата без потреба. Инаку, според нив вакви мерења и вакво нивелирање според теренот се прави само за големи комплекси од индустриски карактер, на пример како за слободните индустриски зони, или слично.

Значи, мојот предлог е да остане старата дефиниција на терминот нивелманско решение и да се прави нивелација со уличната мрежа. Инаку, јас навистина би го замолила заменик министерот ако може да ни објасни што е намерата на законодавецот, бидејќи укажувањата ни се овие и навистина да не се направи некоја грешка, па ние наместо да ги забрзаме процедурите и да имаме бирократска гилотина на некои долги процедури, да не ни се случи да си ги искомплицираме процедурите па да ја усложниме уште повеќе, па да треба да правиме бирократска гилотина на овој член.

**Иван Анастасовски:** Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Скендер Палоши.

**Скендер Палоши:** Во нацрт верзија законот беше доставен до сите релевантни институции, а беше доставен и до Агенцијата за планирање на просторот и другите изготвувачи на проектна документација. И во тие нивни укажувања во врска со овој предложениот текст сега што е, немаше никакви забелешки. Јас мислам дека дефинитивно овој амандман не може да биде прифатен.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Сосема кратко. За жал, јас не добив објаснување што се сакало да се направи. Мислам дека би било добро на седници на комисија друг пат да доаѓаат и дел од стручните служби кои што го изготвувале законот. Имено, токму урбанисти од Агенцијата за просторно и урбанистичко планирање ми посочија на овој член и укажаа дека ќе се направи голема грешка од стручен карактер. Меѓутоа, да видиме во примената што ќе биде.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 4, воздржано гласале 3 пратеници, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 и на алинеја 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 6, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски.

**Скендер Палоши:** Амандманот се однесува за скратување на роковите за лиценцирањата и овластувањата и не е прифатен. Значи амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе. Значи, членот 11 од Предлогот на законот се менува и гласи, значи во став 1 пишува: изработување на урбанистички планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца. Лиценцата за изработување на урбанистичките планови ја издава органот на Државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот доколку правното лице ги исполнува следните услови. Ако во редовен работен однос има вработено најмалку три дипломирани инжењери и архитекти од кои двајца се со овластување за носител на изработка на урбанистички план. На крајот на кој што се однесува амандманот во ставот 6 пишува: лиценцата од ставот 1 се издава за период од 10 години, а овластувањето се издава на неопределено време. Значи, лиценца за правниот орган некое архитектонско биро ќе им се издаде на рок од 10 години според ова законско решение, а на архитектите овластени за изготвување на урбанистичките планови неопределено. Јас би

замолил да се размисли. Навистина се предолги рокови. Во животот се случуваат разни работи. Значи, бироата кои што ја добиле лиценцата, или се преструктуираат, или престануваат со работа, или пак се јавуваат такви малверзации од некој суштински карактер воодност на проблематиката која што ја покриваат стручната работа. Па не е ништо на одмет нивната работа постојано да биде следена и контролирана од страна на Министерството и на пократок период евалуирана нивната работа во позитивна и во негативна конотација и да се дава лиценцата н апократок период. Значи, ова е еден вид на контролен механизам во кој што тие нема да се однесуваат толку комотно во извршување на стручните работи, знаејки дека стално лиценцата ќе им биде под опсервација од страна на Министерството за транспорт и врски.

Истото образложение се однесува и на архитектите, кои меѓу другото се должни постојано стручно да се усовршуваат и да го надоградуваат своето знаење. Ако вие им дадете лиценца на неопределено време, која е нивната мотивација, а видете, во ниту една струка, во ниту една професија немате нешто дадено на неопределено време, освен редовните професори кои по втор пат ги бираат, се претпоставува дека се на крајот на работниот век и нема потреба повторно да бидат избирани.

Мислам дека рокот на неопределено време е категорија што не се познава кај други струки каде е потребно да се даде одреден сертификат на знаењето, стручноста и компетентноста.

Ништо не пречи ако тие компетентно одговорат на работните задачи и повторно после 10 години, како што ние предлагаме да им се даде рок од 10 години, што е солиден рок за работа на еден урбанист кој ќе работи на оваа стручна проблематика. Ако во тој период од 10 години беспрекорно ја извршува работата, се разбира дека ќе дојде до продолжување на лиценцата. Никој друг не добива така неограничен век на бланко подршка.

Мислам дека во таа функција е предложен овој амандман, како контролен механизам, на ваша помош, од страна на Министерството да се евалуираат нивните активности во стручниот дел. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои сега излегоа од салата да се вратат, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата има 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 7 пратеници, 2 се воздржале од гласање, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 на новиот став 8, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски. Повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Амандманот го предлагам со цел да не се остане на овие прекуси рокови. По завршувањето на јавната анкета, кога треба да се подготви конечната верзија на планот, да се умножи во потфајлови на сите цртежи, да се исфлотира и спакува до конечно испорачување.

Проценката на лицата од оваа област, на урбанистите е дека се предвидени прекуси рокови, каде пет дена, каде седум дена и затоа се предвидува со амандманот сепак да се најде некое поразумно време. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите да се вратат, ќе пристапиме кон гласање.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 5 пратеници, нема воздржани, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 21, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски. Повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Амандманот е предложен за да се прецизира она што се објаснува.

Имено, во пописот на надлежностите на Агенцијата за просторно и урбанистичко планирање се наведени повеќе алинеи во кои во една стои “изрботува урбанистички планови од

Програмата на Владата на Република Македонија”.

Јас предлагам да стои: “Ги изработува урбанистичките планови од Програмата на Владата на Република Македонија”, затоа што на тој начин нема двосмисленост. Ова е и една литературно јазично подобрување на текстот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Гласањето не е валидно, го поништувам

Ги замолувам пратеници кои излегоа да се вратат, ќе пристапиме повторно кон гласањето.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 2 пратеници, нема воздржани, 54 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за додавање нова алинеја по алинеја 1, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа затоа што Агенцијата е формирана од Владата на Република Македонија за да ги реализира програмите на Владата.

Со прифаќање на ваков амандман би создале монопол кој не е потребен во овој сегмент. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине заменик министре.

Многу ми е жал што оваа проблематика е навистина многу стручна и не атрактивна за колегите пратеници и за сите нас овде, па има прилично галама. Меѓутоа, мислам дека е многу суштествено прашање и многу суштествени забелешки и сугестии за подобрување на законот не се прифаќаат, мене ми е навистина многу жал.

Имено, што предлагам? Агенцијата за просторно и урбанистичко планирање во описот и пописот на своите задачи и надлежности да има уште една алинеја која би гласела. Дека врши стручна ревизија на сите генерални урбанистички планови изработени од други правни лица. Значи, зборуваме за генерални урбанистички планови, а не зборуваме за детски играчки, не зборуваме за детални урбанистички планови или планови за некој терен за забавен парк или нешто слично. Генералните урбанистички планови се многу сериозна работа и кон нив треба да се приоѓа со максимална сериозност.

Жал ми е што во просторното и урбанистичкото планирање со години по ред владее приличен неред и каде се овозможува урбаната мафија да царува и да прави што сака. Навистина штета што се обидува Владата да воведе конкуренција некаде каде Владата треба да врши контрола. Затоа што Агенцијата за просторно и урбанистичко планирање имено е формирана за да биде главен контролор на планирањето на просторот и на генералните урбанистички планови.

Меѓутоа, жал ми е што ова не се прифаќа, во некоја друга прилика можеби ќе бидам подносител на измени и дополни на овој ист закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници во салата, гласале 53, од кои за гласале 5 пратеници, 4 се воздржани од гласање, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за менување на став 11, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Бидејќи урбанистичкиот проект содржи повеќе прилози од различни фази или области кои се вклучени во процесот на планирање, како што е инфраструктурата, електриката, сообраќајот, потребно е истиот да се изработи во повеќе примероци, а не е возможно да се изработи само во еден примерок.

Затоа амандманот не е прифатлив.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Овој амандман исто така го поднесов врз база на сугестија на стручни лица, на урбанисти кои ме патија во тоа дека ревизијата кога се врши, се врши во присуство на повеќе членови на Комисијата за ревизија, меѓутоа, забелешките се ставаат врз еден примерок. Се со цел да не се

случи злоупотреба, да се случи секој да си ги забележува оние забелешки што му одговараат и на крајот една од тие писмени забелешки да се уважи како валидна, а всушност меѓу себе тие да бидат различни. Затоа предвидуваа и сугерираа како и до сега да има ревизија, пишана ревизија да се регистрира на еден примерок кој понатаму би се приложил. Тоа е суштината на овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 4 пратеници, 3 се воздржале од гласање, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 4, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа затоа што правото на сопственост во Катастарот се врши врз основа на одобрение за употреба на објектот, согласно Законот за градење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Искрено да ви кажам ние мислевме дека е техничка грешка. За да се сфати суштината јас морам да го прочитам, малку е подолг, но навистина ја менува суштината. Како што кажа колешката за претходниот свој амандман ова е јазично толкување, но стручно јазично толкување.

Доколку органот што го донесе решението за локациски услови утврди дека инвеститорот не е единствен сопственик односно не е единствен носител на правото на градба на незначителен дел кој зафаќа површина од 10% од вкупната површина на градежната парцела и не зафаќа дел од површината планирана за градење, ќе го издаде решението за локациски услови со обврска инвеститорот да ги регулира имотно правните работи за целата градежна парцела најдоцна до поднесување на барањето за одобрение, таму стои “употреба” а ние предлагаме “за градба”. Парцелата се користи за да се добие дозвола за изградба на некој објект. Се добива дозвола за градба, па потоа се стартува со изработка. Парцелата ако биде употребувана за нешто друго, но жаргонот во овој дел е одобрение за градба, дека се добива одобрение за градба, па се стартува со изведба на објектот.

Размислете уште еднаш што значи ова одобррение за употреба. Прашајте експерти или стручни лица во Министерството ќе ви кажат дека се стартува со одобрение за градба.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 9 пратеници, 2 се воздржале од гласање, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен, бидејќи кривичното дело сега се предвидува во Кривичниот законик. Значи, бесправната градба како кривично дело е пренесена во Кривичниот законик, се врши усогласување и овој амандман не е прифатлив.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Во членот 33 стои дека во насловот на Глава 5, зборовите”казнени одредби”, се заменуваат со зборовите “прекршочни одредби”. Сега стои дека го бришат, а под насловот Кривично дело беспрвно градење се брише. Значи, ние сакаме ова да стои затоа што бесправната градба треба да претставува кривично дело кое ќе биде дефинирано во овој закон. Нека си биде и во другиот закон за кривична постапка. Доколку ги прашате правниците тие неколку пати и во диспозитив и во образложение си ги пишуваат тие работи. Овде ако не стои вака, тогаш предизвикувате одредена дисхармонија помеѓу Кривичниот законик и овој закон или ако го бришете, тогаш се отвора сомневање за поинакви цели кај нас. Нека стои како што си стоело дека е кривично дело бесправното градење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеници, за гласале 11 пратеници, нема воздржани од гласање, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 34, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа од истите причини како со претходниот амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Во Предлог законот членот 70 кој постоел во стариот закон се брише. Да го прочитам која била старата верзија на законот.

Правното лице кое гради или изградило градба на сопствено или на туѓо земјиште, спротивно на важечки урбанистички план, со што се врши нарушување на планираниот простор, ќе се казни со парична казна од 2 до 5 милиони денари за кривично дело бесправно градење.

Правното лице кое изведува градба на сопствено или на туѓо земјиште, спротивно на важечкиот урбанистички план со што се врши нарушување на планираниот простор, ќе се казни со парична казна од 2 до 5 милиони денари.

И казна привремено забрана за вршење на градителска дејност за кривично дело бесправно градење. Значи, овој член се брише.

Ние предлагаме со нашиот амандман да се врати членот и паричните казни да се усогласат со Законот за прекршоци. Предлагаме казни за оние кои бесправно градат мимо важечкиот урбанистички план да се казнат во износ од 30 до 50 илјади евра и за оние кои изградиле и за оние кои започнале градба, нека си стои во Кривичниот закон, но ова е матичен закон во кој треба да постојат казнени одредби и опомена за секој оној кој го нарушува просторот.

Дали треба овде да отвораме дебата што се ни се случуваше во изминатите две години дебатирања со пратенички прашања за одредени објекти кои беа предмет на опсервација на Министерството за транспорт и врски, па се префрлаше топката кој е надлежен транспорт и врски, општината, давање на согланости под маса за одредеи објекти, па потоа си поставуваме прашање за кинески ѕидови, за не знам какви градби кои треба да се префрли топката кој ќе ги руши, кој не, нека си стои во законот дека од 30 до 50 илјади евра ќе плати отштета оној за кој ќе се утврди, а не да се отвора дебата во јавноста дали треба да се вклопи во постојните урбанистички планови или не, ќе се повикуваме на Кривичниот законик? Мислам дека треба ова да стои. Правиме голема грешка ако се брише од законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас се надевам дека аргументите кои ги искажа господинот Герамитчиоски како и аргументите кои се наведени во образложението на амандманот, меѓутоа, исто така аргументите кои секојднево ги слушаме во јавноста за настаните кои се врзани со бесправно градење на објекти ќе превагнат кај пратениците од Парламентарното мнозинство да го поддржат овој амандман.

На сите ни се свежи сеќавањата за случајот “шпанско село”, свежи ни се сеќавањата за случајот ФИКОМ, свежи ни се сеќавањата за случај Нов ФИКОМ, па повторно уште еден нов ФИКОМ, итн. Оние пратеници кои имаат канцеларии за комуникација со граѓаните или кои примаат редовно граѓани знаат дека бесправното градење на објекти е еден од најгорливите проблеми, секојдневно се соочуваме со жалби од граѓани кои се соочуваат со проблеми кога нивните комшии без никаква дозвола безправно градат објекти кои навлегуваат дури и во нивниот имот без притоа да сносат никакви последици, процедурите траат долго, најчесто процедурите се заплеткуваат во коруптивни скандали и лавиринти во текот на процедурата на носење на конечната одлука, а до носење на конечната одлука обижно се случува објектот веќе да е изграден и тогаш да нема механизми ниту државата, ниту општината како тоа да го санкционира на најдобар можен начин и во најголем дел од случаите се случува овие дивоизградени објекти да се бара да бидат усогласени со деталните и со генералните урбанистички планови.

Додека бев член на Советот на Градот Скопје една група членови на Советот и од градот, меѓутоа и од општините имавме прилика да ја посетиме Германија и да се запознаеме со начинот на функционирање на локална самоуправа во Германија.

Се разбира водени од ваквите проблеми кои во Македонија не се намалуваат, туку напротив се повеќе земаат замав, го поставивме прашањето за диви градби во една од општините каде бевме. Морам да ви кажам дека тие се зачудија за ваквото прашање, а потоа рекоа дека можат да се сетат на еден случај од пред 20 години кога еден нивен жител си дозволил да изгради балкон на нивната приватна куќа без да побара дозвола. Меѓутоа, подоцна не можеа да се сетат на таков случај заради тоа што изградиле систем кој функционира и заради тоа што ниту еден жител од таа општина не може да собере храброст ниту пак се осудува да започне градба додека не ја извади потребната документација.

Најдобар начин за воспоставување на системот е зголемување на свеста и на совесноста за вакви прашања се разбира дека се големите казни. Големите казни кај оној што ќе се осуди да направи таков чекор, а исто така систем кој ќе функционира и ќе ги санкционира сите оние

вработени во процесот на давање на дозволи или не давање на дозволи кои ќе овозможат вакво нешто да се случи или кои ќе овозможат вакво нешто да не се санкционира.

Затоа апелирам да го прифатите амандманот заради тоа што, како што зборувавме вчера и завчера кога зборувавме за Законот за јавни набавки, со законите треба да изградиме систем кој ќе овозможи реално решавање на проблемите со кои до сега се соочуваат граѓаните на Република Македонија и да ги намалиме можностите за нивни злоупотреби.

Доколку го избришеме овој член, како што ви е вам намерата јас ве уверувам дека во иднина ќе се најдат милиони граѓани кои ќе си дозволат да коментираат дека, бидејќи во Законот тоа не е санкционирано и не е наведено, тогаш може тоа да го прават.

Подобро да го имате истото решение на две места отколку да немате вакво решение во овој закон заради тоа што мислам дека е суштинско.

Сакам да го замолам претставникот на Владата да размисли во текот на расправата по овој амандман или ако може да ни даде посериозна аргументација зошто ваквиот амандман не е прифатлив. Навистина мислам дека е ова еден од реално прифатливите амандмани кој оди во прилог на решавање на состојбите и санкционирање на сите оние кои ќе си дозволат да градат без претходно да имаат извадено редовна документација, регуларна документација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Со секој респект кон дискусијата на почитуваната колешка, меѓутоа за еден вака стручен закон, јас сепак не би сакала да правиме политика, затоа што и дискусиите кои што до сега ги имавме и амандманите кои што ги имавме и ги расправавме денес и на Комисија ги гледавме, навистина имавме една конструктивна и стручна дискусија. Образложението на заменик министерот беше јасно и недвосмислено. Во измените и во дополнувањата на Законот за кривична постапка се предвидува во посебно поглавје третирањето на дивоградбите, потоа се предвидува третирањето на градби и доградби во колективни објекти и тука не би сакала се што се предвидува во тој закон да потенцирам. Дури и се оди до тој стадиум што се предвидува и конфискација на бесправно изградени објекти, кои измени начелно ги поздравивме сите членови во Комисијата кога го гледавме изменувањето и дополнувањето на Законот. Пак ќе потенцирам, од причини што сеуште го немаме донесено на пленарна седница и не сме го разгледувале, можеби од тие причини колегите предвидуваат да остане овој дел од членот 33 во постојната форма, меѓутоа ценам дека ќе се направи само дуплирање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Јас навистина не знам каде колешката препозна политика во моето излагање. Напротив, тоа што јас го зборував е реална состојба која што секојдневно им се случува на граѓаните на Република Македонија. Подобро е да имате исти решенија на две места, отколку да немате решение воопшто. Ние можеме да зборуваме во иднина за измени и дополнување на Законот, доколку во Законот за кривична постапка се случат некакви измени, кои многу полесно ќе ги решаваат прашањата. Меѓутоа, да оставиме во овој закон да нема регулирање на вакво прашање, јас мислам дека само ќе ги охрабри сите оние кои што сакаат бесправно да градат во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Очигледно е дека треба подетално објаснување. Ова е суштински, ако држи вашето објаснување дека не треба да има преклопување, повторување на членови од еден закон во однос на друг закон. Тогаш, ви се молам, вие не сте правник. Било кој од правниците нека ми одговори зошто тогаш одредби од Законот за прекршоци постојано се повторуваат како членови во сите други закони и вршиме усогласување на тие закони со Законот за прекршоци, каде што санкционирањето на одредени аномалии се усогласува во однос на одредбите на Законот за прекршоци. Зошто да не постои овој член во кој што согласно со Законот за кривична постапка би бил усогласен. Да бидеме попрактични и самокритични, постоел овој член и во претходниот закон. Одговорете ми, немаме ние информации, ниту сознанија, еве аферите да бидеме практични од реалноста, аферите со ГИА Инженеринг или со таа друга фирма која што ја изградија бесправно неколку згради, па му ги продаваа на неколку корисници. Вие сигурно имате подобри сознанија од вашиот инспекторат, колку градби во Град Скопје на териториите на посебни општини, кои што се составен дел на Град Скопје има готови, спремни за вселување, а нема комплетна документација. Затоа што, во овој хаос во кој што се наоѓаме и преклопување и префрлање на топката на надлежностите од општина на Министерство за транспорт и врски, особено при изградба односно при изведба на детални урбанистички планови, па министерот за транспорт и врски треба да даде согласност на главниот урбанистички план и на деталните урбанистички планови. Не држи објаснување и најновите афери кои во измената на деталните урбанистички планови на централното градско подрачје, на плоштадот, општината е виновна или Министерството за транспорт и врски е виновно, ќе никне објект, неповратно ќе се наруши просторот, ќе се смени физиономијата на општината, па нека е и за Охрид, нека е и за

Прилеп, нека е и за сите други градови. Неповратно ќе се санкционира лицето, можеби некој ќе замине во затвор или не знам, ама она кое што за генерации напред останува трајно го нарушува ликот и физиономијата на населеното место, местото на живеење. Нека има санкции, мислам дека заедно се залагаме за тоа, ќе го уважам вашето образложение дека од таа побуда се кине тој член, се брише тој член од Законот дека не треба да има преклопување со Кривичниот закон. Јас не знам во моментов, искрено да ви кажам, дали во Кривичниот закон токму за градба ако е така, нека си стои така, бидејќи еве тука има правници, судии кои биле, зошто тогаш кога пишуваат една одлука на суд, имате и во диспозитивот една квалификација, потоа и во образложението се инсистира таа квалификација секогаш да стои. Тоа сум го научил од мојата животна професионална пракса кога сум се расправал со судовите по однос на некои работи, вели од вишок глава не боли, нека стои тоа така. Во техниката поинакво е размислувањето, можеби јас грешам, но правниците нека објаснат и нека кажат, мислам дека давате лоша порака со бришење на овој член во кое што санкционирањето треба да стои. Нека се преклопува со тој член, но ова е основен базичен закон по однос на кој што секој оној кој што има намера да гради или да започне процедура за измена на детални урбанистички планови, ќе треба да ги погледне одредбите. Тој нема да го види Кривичниот закон. Ако тој види дека нема санкции за, можеби ние грешиме, но овој пристап убедени сме дека е правилен.

Затоа, јас молам ако е единствената причина да се дуплира нешто, го отфрлате овој амандман, не држи вода. А, ако е причината од СДСМ дека поднеле ваков амандман, тогаш имаме проблем од поинаква природа на нарушен политички дијалог. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

За реплика се јави господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас само ќе се осврнам на еден мал дел од излагањето на господинот Герамитчиоски. Би сакал да кажам дека за нарушувањето на дијалогот не е ако се прифатат сите амандмани, затоа што и првиот амандман беше прифатен. Значи, не се работи за нарушување на дијалогот, доколку некој амандман или некој од амандманите не се прифати. Не станува за тоа збор, тоа е веќе некој политички маркетинг кој што го употреби тој.

Јас ќе се осврнам на она што беа ингеренциите, локална и централна власт. Не требаше да ги мешаме тие работи. Централната власт или министерството дава одредена согласност доколу сите правни нормативи се зачувани. Не може министерот или Министерството да внимава на просторното урбанистичко планирање на сите општини, поточно на целата територија на Република Македонија. Тука главната улога ја играат главните урбанистички решенија кои ги носи главниот урбанист во локалната самоуправа. Сметам дека од тука потекнува она што се нарекува хаосот во градбата, од тука потекнуваат можностите за злоупотребување на просторното планирање, затоа што сме сведоци дека многу од градбите кои што се предвидуваат, постепено добиваат одредени пренамени, а сето тоа е благодарение не на изведувачите, туку на она што главните архитекти му го овозможуваат. Јас тука би извлекол еден мал заклучок и би рекол дека она што го нарекуваме мафијата во урбанизмот или урбанистичката мафија не ја сочинуваат градежните фирми. Напротив, сметам дека ја сочинуваат оние кои што издаваат дозволи за градба, поточно оние кои издаваат дозволи за пренамени на објектите. Тука започнува злоупотребата на Законот и играњето на законот. Сметам дека тука во овој сегмент треба да бидеме малку поригорозни околу изрекнувањето на она што е глоба или казните кои што треба да следат или одземањето на лиценците на оние кои што ги даваат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Контара реплика има господинот Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ако министерот за транспорт и врски нема увид што се работи по општините, а треба да стави потпис на согласност на детален урбанистички план, тогаш дајте да му ја одземеме таа надлежност, тој товар кој што го носи на вратот или тоа дека тој нема инструменти да провери на лице место каква е состојбата, па да го стави својот потпис и да не одговара за тоа. Тогаш дајте ако е така да му ја одземеме надлежноста. Но, не е така. Тој има инструменти, има инспекторат, има начини како да го врши надзорот на состојбите кои што се во делот на неговите ингеренции и да добива правовремени информации, ако сака правилно да си ја врши својата работа. Но, очигледно дека не сака.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Јас го слушав образложението на колегите од опозицијата за амандманот и мислам дека имаат право, затоа што за мене би било нелогично да се избрише санкција за едно дело во еден закон, чекајки таа санкција да се појави во друг закон. Многу пологично би било ова да си остане како санкција, а кога ќе дојде друг закон со евентуално санкционирање на истото дело тогаш да се прави усогласување. А, во крајна линија како што кажа и колегата Герамитчиоски, мислам дека и преклопувањето на санкции во два закони, доколку е исто, не е на штета. Мислам дека во

спротивно, ако не се прифати овој амандман, навистина би постоела можност за правен вакум и можност некој тоа да го злоупотреби во урбанизмот. Сите знаеме колку е тоа опасно, ќе никне некое бетонско чудо како печурка, па потоа сите се чудиме што да му правиме. Мислам дека е подобро да си постои санкција, да си се санкционира и ова дефинитивно не би требало да биде прашање за никакви политички опсервации или политички бои. Доколку е вака, како што го сфаќам, јас ги повикувам и другите колеги да го поддржат, а доколку некаде грешам јас би го замолила претставникот на Владата да ни укаже и да ги разјасниме работите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

Збор има господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе напомнам дека ние тука сме ги измешале улогите на повеќе закони. Оваа материја ја регулира Законот за градење. Ние денес зборуваме за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон. Значи, уште на почетокот сме направиле една основна грешка во чекори. Но, ќе се осврнам на она што можеби ете не можв да го дообјаснам, а сега би сакал да го дообјаснам.

Во Македонија постојат безброј локации и безброј детални урбанистички планови и генерални урбанистички планови. Генералните урбанистички планови се носат на 10 години и на нив се врши ревизија, додека на деталните урбанистички планови на пет години.Министерот или Министерството и инспекциските служби не се тие стручни лица кои можат да кажат околу просторното и урбанистичкото планирање на одреден сегмент од градот или одреден детален урбанистички план.

Она што би сакал да го напомнам е дека Министерството се труди правно издржано доколку нема повреда на правната постапка, доколу сето ова е зацртано во Генералниот урбанистички план и она што се предвидува во Деталниот урбанистички план е исто со она што се нарекува Генерален урбанистички план, намената е иста, тогаш мора или треба министерот или Министерството за транспорт и врски да го потпише. Но, затоа и постои локална самоуправа, затоа постојат советници кои нормално доаѓаат од тој крај или од таа општина, каде што можат децидно да го осознаат просторот и проблемите кои што се јавуваат тука.

Зацртувањето на Деталниот урванистички план може да биде правно издржан, како што се случуваше многу пати каде изникнуваат дивоградби или ситуации каде што имавме да имаме пренамена на одредени објекти. Но, сето тоа сепак е дозволено, поточно го прават локалната самоуправа со она што е гласањето на советниците. Тука министерот или Министерството за транспорт и врски господине Герамитчиоски, немаат никаква можност да интервенираат. Во согласност со законите и прописите тие се должни да издадат одредено решение, кое што решение ќе каже да ги исполнува условите и на ова место може да се гради. Тие не предвидуваат дали градбата, да кажеме, со габаритност не соодветствува на просторот, затоа што не се компетентни да го дадат тоа, затоа што тука во секоја локална самоуправа имаме главен архитект кој го изготвува планот, кој го дава до одредени институции, кои го цртаат планот и крајот локалната самоуправа го дава на увид. Во увидот при анкетните ливчиња граѓаните искажуваат свое сопствено мислење, дали е позитивно или негативно врз основа на анкетните ливчиња градоначалникот т.е. локалната самоуправа е должна да одговори на сите. Потоа, треба да се направи записник, а подоцна да се достави на совет онака со забелешките на прифаќање или одбивање на Деталниот урбанистички план. Реков уште на почетокот имаме направено грешка во чекори, тоа е една работа. Значи, мешаме два закони кои што регулираат посебни материи.

Втора работа е дека ги мешаме или ги префрлуваме одговорностите на негативните работи на Министерството за транспорт и врски, додека позитивните сакаме да ги присвоиме во зависност од локалната самоуправа. Сметам дека овој амандман не држи место. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Реплилка има господинот Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Напротив, почитуван колега, вашата дискусија воопшто не е поврзана со овој амандман. Вие зборувате за процедура, за проблеми и надлежности кои на кој начин својот дел на одговорноста ја носи, а ние бараме санкционирање. Бидејќи, ако малку направите напор и направите едно истражување не само за Охрид и по другите градови, вие бевте најгласен за Охрид да зборувате, ќе видите дека голем дел на проблемите настануваат на самиот почеток на добивање на маркици или и по измената на деталните урбанистички планови си се вметнуваат објекти кои што воопшто не им е местото во таа урбана целина, а дури потоа да постои по законот увид и ние за тоа можеме да дискутираме при општиот претрес на текстот на законот. Можеме да дискутираме при општиот претрес на законот во кој што ќе видите дека постојат различни проблеми за кои што воопшто не најдовме храброст да ги измениме во тој дел за да се отстранат тие аномалии. Инаку, немаше да има вакво нешто како сега што има. Советниците од Општина Центар си изгласаа да се пробие нова улица, иако таа улица е затворена, само да се подигне вредноста на земјиштето во централното подрачје на оној фамозен плоштад за нечии цели. И, кој тоа ќе го спречи? Според Законот тие си ја имале таа надлежност. Како министерот сега дава изјава дека тој нема увид што сето тоа го прават тие, ама по Законот мора да даде согласност на

Деталниот урбанистички план, а свесно го крши Законот и интересите на граѓаните уште повеќе. Интересите на граѓаните се нарушуваат неповратно. Тука ќе никне објект кој што со години нанапред ќе биде оспоруван, ќе биде плетена прикаска кој колку примил, како примил, ама тој ќе си постои како објект. И,. ние овде беспредметно е да разговараме. Ако министерот само ради реда нема инструменти да го спречи тоа, а треба да стави потпис на Деталниот урбанистички план, па тогаш дајте со Закон да му ја одземеме таа надлежност. Амандманот е за санкционирање на такви појави, почитувајте ги процедурите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Контрареплика има господинот Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Со сиот респект спрема господинот Герамитчиоски кој што доаѓа од образованието од каде што доаѓам и јас, но веројатно многу слабо ја владее оваа материја или навлегол во владеењето на оваа материја. Ќе напомнам дека мешањето доаѓа од негова страна. Јас кажав дека тие активности сосема друг закон ги регулира и Законот за градење, а не ги регулира Законот за дополнување, Законот за просторно и урбанистичко планирање, што значи се две различни работи.

Втора работа, околу она што веќе некој маркетиншки потез сакаше да извлече, јас ќе кажм дека јас сум за подигање на цента на комуналиите, за подигање на цената на просторот или на просторот, затоа што Црна Гора отиде многу, отиде можеби еден квадратен метар до 6 илјади евра. Но, ќе ви напомнам дека министерот само правно ги согледува, додека нацртот на генералниот урбанистички план и на деталниот урбанистички план го носи локалната самоуправа. Министерот не сноси никаква одговорност во потпишувањето, затоа што тоа е изгласано од локалната самоуправа и затоа што тој не е компетентен во мешањето на она што институциите го предвиделе на самиот простор. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има господиниот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина не можам да сфатам дали постои некој човек од позицијата, од ВМРО-ДПМНЕ поточно кој ќе ја сфати пораката која денеска и вчера Европската комисија ни ја даде во извештаите. И ќе наведам три точки зошто го велам тоа поврзано со ова што го дебатиравме сега. Од друга страна, јас мислев само министерот, прво и основно едно од главните препораки што се однесува до Собранието е да зајакне капацитетот на Собранието и со самостоен буџет и со човечки ресурси и со интегритет во однос на контролата на институциите кои се под ингеренции на Собранието. Кога меѓу себе доаѓаме овде во Парламентот и не знаеме дека сме пратеници, професионално вработени во Собранието во кое што зборуваме во име на гласачите, дотогаш ќе мислиме дека ова е експертска комисија кој што секој треба да зборува од областа која што ја познава. Или од која има дипломирано, има магистрирано или има докторирано. Затоа, кога побрзо ќе ја сфатиме пораката што ни ја кажуваат тоа ќе биде подобро за сите граѓани на Република Македонија. Од друга страна јас мислев дека само министерот Јанакиевски не ја разбирира проблематиката во која што Министерството го води и затоа веројатно не можеме да го начекаме да дојде во Собранието да поразговараме со него покрај што ги избегнува ТВ-дуелите, туку го праќа заменикот министер, ниту на последните пратенички прашања не беше, бидејќи во постоечкиот закон член 50, точка 6 на урбанистичкиот проект се врши стручна ревизија.

(Реакции на пратеници од место)

По амандманот е. Се врши ревизија од страна на министерот за транспорт и врски. И затоа може да барате да прекинам да зборувам, но министерот за транспорт и врски направи кривично дело, зошто тој потпишува согласност за деталниот урбанистички план, за кој што бараме ние со амандманот да се вратат казните.

(Реакција од пратеници од место)

**Бесим Догани:** Господине Макрадули имаат пратениците право што реагираат бидејќи се работи...

**Јани Макрадули:** Јас кажав зошто да се вратат казните, казните треба да се вратат.

**Бесим Догани:** Сум го прочитал и амандманот и законот, се работи за казнениот дел, член 34 па зборувајте за тоа.

(Реакција на пратеници од место)

**Бесим Догани:** Не збори за тоа.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Деталните урбанистички планови не можат да се донесат од страна на локалната самоуправа ако нема потпишана согласност од министерот за транспорт и врски. Затоа во законот за просторно и урбанистичко планирање го поднесовме амандманот, односно од моите колеги Герамитчиоски и Ќуркчиев, за враќање на членот 70 со кој што се враќа казнената одредба за лица кои што градат или изградиле објект спротивно на важечкиот урбанистички план. И кога зборуваме спротивно на важечкиот убранистички план со што се врши нарушување на планираниот простор природно е да зборуваме кој е одговорен за важечкиот урбанистички план и кој се грижи за планираниот простор. И затоа и те како има врска. Тоа што министерот Јанакиевски направил кривично дело и потпишал, дал согласност, за измена на план во кој што никој, како што кажа и господинот Цветко Гроздано, не дал мислење во јавната анкета. Тој самиот го кажа, никој не го

поместил тоа, никој не дал такво барање, сами си одбравме надвор од стандардите и нормативите за урбанистичко планирање да си оставиме своја локација. Од друга страна ова е амандманот што е поднесен на член 34 за враќање на членот 70 од колегите Ѓуркчиев и Герамитчиоски е една казнена одредба која што е една од колку што гледам во законот има десетина. Што исто паќа во вода тезата дека казнените одредби не се дел од овој закон. Има еден, два гледам тука десетина казнени одредби, парични казни за одредени прекршоци и не гледам зошто е правно неиздржано да во овој закон како што е тоа регулирано во сите закони да има одредба за казна од 30 до 50 илјади евра што се предвидува за лица кои градат надвор од важечкиот урбанистички план со што го нарушуваат планираниот простор. За жал, ние имаме, во собраниска процедура ни е Законот за градежно земјиште кој што ако го прочитате добро извештајот исто така се критикува во делот на давањето на таа можност на локалната самоуправа заради немешањето со централната власт и со тој Закон за градежно земјиште што е понудено, практично повторно се враќаат времените објекти, се враќаат дивоградбите со кои што ние овој амандман сакаме...

**Бесим Догани:** Ве молам, за тој закон ќе зборуваме кога ќе дојде време, ве молам.

**Јани Макрадули:** Но, овој амандман тоа го спречува, овој амандман за правното лице кое изведува градба на сопствено или туѓо земјиште спротивно на важечкиот урбанистички план, го читам амандманот, е нешто што треба и мислиме дека треба да се казни. Многу граѓани, за жал, во Република Македонија останаа и без пари и без стан затоа што некој дозволил ова да се случи. Дали бил Кирил Тодоровски или Џорџе Арсов воопшто не ме интересира, тоа самите, гледам по весници, ќе се пресмета ВМРО-ДПМНЕ. Но, овие казни мора да постојат за да им дадеме гаранција на граѓаните дека некој во овој случај Собранието дава рамка која ќе се обиде да ги заштити нив. За жал, во Скопје посебно сме сведоци, Аеродром и Кисела Вода се мајстори, шампиони во тоа. Некој нешто што само гради на туѓ план, туку гради надвор и го нарушува планираниот простор. Затоа моите колеги предлагаат амандман со кој што бараат тие луѓе да се санкционираат. Јас знам дека тие нема да помогнат 30 до 50 илјади евра многу, но ќе им дадат некоја гранција на луѓето за да се чувствуваат многу побезбедни и посигурни кога ќе влезат во процесот на купување на стан. Јас не знам каква е логиката да се елеминира една мерка која што не му смета на законот, не го оптеретува законот, не мислам ни дека е противуставен, бидејќи досега постоеше во законот и ова е член превземен од досегашниот закон кој што е во сила, само што се изменети во однос на глобата и затоа не гледам зошто треба да бегаме од тоа дека кривично дело е бесправното градење и тоа да го санкционираме. Многу граѓани не знаат како ќе се снајдат во процесот во кој што влегле во купување на стан или влегле во објект кој што некој немал право да го гради. Ние како Собрание сме должни да дадеме некоја рамка во законот и да се обидеме во интерес на тие граѓани да предвидеме прекршочни казни за лицата што се дрзнале такво нешто да направат. И тука нема потреба од нервоза, нема потреба од дофрлања, бидејќи зборуваме за многу оштетени граѓани во Република Македонија. И не ја гледам оправданоста овој амандман да не биде прифатен бидејќи министерот не го прифати, да биде прифатен од парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика има господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Очигледно е дека господинот Макрадули освен што се качува горе на спрат кај господинот Бранко изгледа слабо ја шета Македонија дали поради збиднувањата во нивните општински комитети или пак од некои лични причини, не би сакал да навлегувам, но господине Макрадули шампиони во дивоградби и во урзупација на планираниот простор се господинот Петрески од Охрид и господинот Заев од Струмица. Прошетајте малку да видите како во Охрид зелените паркови се претвораат преку ноќ во паркиралиште, затоа што изникале некои хотели кои не требале да имаат одобрение, а господинот Петрески му дал, затоа што секој кој што гради зграда треба да има одреден број спрема становите да има и паркинг простор, а не да градите хотел, а да немате каде да ги сместите колите од гостите кои што доаѓаат. Прошетајте во Охрид или можеби не можете затоа што моментално имате конфликтна ситуација па го нема градоначалникот кој шета по белиот свет затоа што вашиот претседател се повлече од шеф на кабинетот кај градоначалникот. Мислам дека е време да дојдете како потпретседател на СДСМ и да ги смирите страстите во општинскиот комитет на СДСМ во Охрид. А тогаш ќе ги видите дивоградбите кои што настанале во Охрид како што се одреден број на хотели, како што се зацртувањата за згради и како што е кинескиот ѕид кој што Цветко Грозданов мафташе тука со лисјата кој што вашиот градоначалник господинот Петрески го легализира и го допушти да се гради. Затоа што ако земете и од записниците кои што беа во локалната самоуправа ќе видите уште кога се зацртуваше Цветко Грозданов како советник укажуваше дека тука ќе никне кинески ѕид, дека не е тоа простор кој што ќе биде деловен простор наменет за деловен простор наменет за деловни работи. Така да господине Макрадули прошетајте малку по Струмица ќе го видите таму и пазарот, ќе го видите таму господинот Заев, а прошетајте повеќе во Охрид како туристичко место и смирете ги страстите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Контрареплика има господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Не се секирајте за СДСМ господине Грозданов многу рано ја почнавте кампањата за градоначалник во Охрид. Инаку бев пред некој ден во Струмица, Струмица со водоскоците како е направена изгледа како Барселона. Јас не знам дали постои градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ кој што направил нешто во изминатиот период. Направил Кирил Тодоровски за кој што и самите вие поднесовте кривична пријава затоа што го троши Буџетот како што ќе стигне и како ќе му текне. Затоа не се секирајте за тоа што прави СДСМ, вие не мора да се качите никаде отидете до министерот за транспорт и врски и прашајте го зошто му ги дал сите согласности за градење во Охрид, па потоа правете муабет овде. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас, господине Макрадули.

Збор има господинот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам потпретседателе.

Очигледно дебата станува се пожестока, како се ближи крајот на работниот ден можеби колегите пратеници немаа досега можност да се искажат, меѓутоа оставам на нив. Јас би сакал да се вратиме на конкретниот амандман, на текстот на амандманот и во таа насока би сакал само за појаснување еве, на јавноста меѓутоа и на колегите пратеници да им го прочитам бидејќи е многу краток членот 1 од општите одредби на Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во членот 1 се вели: со овој закон за просторно и урбанистичко уредување се уредуваат условите и начинот на системот на просторното и урбанистичкото планирање, видовите и содржината на плановите, изработувањето и постапката за донесување на плановите спроведувањето на плановите и следењето на реализација на плановите, надзорот и другите прашања од областа од просторното и урбанистичко планирање. Тоа е членот кој што ја одредува содржината и целта која што сака да се постигне со овој закон. За мене е малку анахроно во еден дел од актуелниот закон во казнените одредби, да се спомнуваат казнени одредби за кривично дело бесправна градба. Темата и материјата која што ја обработува Законот за просторно и урбанистичко планирање, како што вели и неговиот наслов, воопшто не ги тангира ниту проблемите на градењето, ниту бесправно изградените градби. Јас не знам која била интенцијата на законодавецот кој што го донел се уште актуелниот закон и во Законот за просторно и урбанистичко планирање вовел еден член со кој се санкционира и се третира делото бесправна градба. Во самиот вовед и во излагањето на претставникот на Владата беше спомнато дека една од целите на овој закон е и усогласување со Законот за прекршоци, со Законот за градење и со сличните закони кои што го тангираат урбанизмот и просторното планирање. Тоа значи дека никој, а најмалку пратениците треба да бидат загрижени дека бесправното градење ќе остане без санкции. И не знам од каде е таа помисла дека со бришењето на еден член од Предлог на законот веќе не се предвидува санкционирање на бесправните градби. Апсолутно не можам да сфатам со која намера се изрекуваат такви дискусии во кои што се вели дека сега веќе ќе нема санкционирање на бесправната градба. Законот за градење и Законот за прекршоци совршено ја регулираат оваа материја, а доколку колегите пратеници го следеа внимателно амандманскиот дел од расправата тогаш требаше да видат дека со предложениот текст на Законот со просторно и урбанистичко планирање главата “казнени одредби” и поднасловот “кривично дело бесправно градење” веќе не постојат. Значи нема ни траг од материјата која што упорно се наметнува со овој амандман, а тоа е санкционирање на бесправното градење. Она што самиот амандман и текстот во амандманот претставува е само враќање на стариот член од Законот во кој што се предвидуваат одредени суми како казнени одредби за чинот на бесправно градење. Во постојниот закон се наведени во денари, додека колегите пратеници кои што го поднесоа амандманот зборуваат за глоба во износ изразена во евра. Ќе повторам, бесправното градење како наслов веќе не постои и воопшто не е тема која што се третира со овој закон. Останатите закони меѓу кои се Законот за градење и Законот за прекршоци ја третираат оваа материја и апсолутно е беспредметно да расправаме дали бесправните градби со усвојување на овој закон ќе бидат санкционирани или не. Заради тоа сметам дека амандманот исто како и постојниот член од закон кој што ќе се укине е беспредметен бидејќи Законот за просторно и урбанистичко планирање не би требало да се занимава со дел од материјата која што е покриена со други закони. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петров.

Реплика има господинот Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитуван колега,

Целата постапка, сите закони кои што ја третираат материјата на градењето започнуваат со овој закон, со оваа првична постапка.

Значи, прво треба на територијата на една општина да се испланира просторот кој што се планира во главен или генерален урбанистички план кој што го носи Советот во период од 10 години. Во кој што главните зони, во кој што интересот на граѓаните советниците го преточиле преку одредени зони. Дали индустриска зона, или зона за станбен простор итн, а тие зони понатаму се уредуваат со детален урбанистички план. Во деталните урбанистички планови се предвидуваат одредени објекти. Се поднесуваат или од страна на службена должност, значи во планот на

општината како ќе ги изменуваат по делови во зоните или на барање на идните инвеститори кои што ги сносат трошоците за изготвување на деталниот урбанистички план и тоа порано најчесто се злоупотребуваше бидејќи за еден до два објекти се правеше измена на цел урбанистички план само за задоволување на одредени интереси, се лобираше пред советниците итн.

Значи претходно пред да започне градбата или барање за градба, мора просторот да има некој план, да биде испланиран, содржан во деталниот урбанистички план овој закон кој што го третира. Ние за градење, за градежно земјиште уште не сме стигнале да дебатираме. Зошто тогаш во минатото постоеле овие казнени одредби. Тие кои што го смислиле тоа биле лаици?!. Или собранискиот состав претходно кој што го донел тоа не знаел што прави? Сега наеднаш осознавме дека воопшто не треба да има и кривично гонење за некои почетни незаконски дејствија? Ова е почеток на незаконски дејствија. Ете, советниците на општина Центар го изменија Деталниот урбанистички план, ќе никне улица наместо шеталиште кое што постои таму, ќе се гради понатаму, ќе се бара согласност, ќе се бара дозвола по Законот за градба, Законот за градежно земјиште и т.н., но најнапред се донесе измена некоја која што не е во интерес на граѓаните.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Горан Петров контра реплика, повелете.

**Горан Петров**: Благодарам.

Колега Герамитчиоски, дали се лаици или не вие кажавте, јас тоа не го спомнав, меѓутоа, цело време зборувате за постапка за донесување на урбанистички планови. Ќе се обидам накратко да ви објаснам. Поимот “бесправна градба” значи дека некој изградил објект без одобрение за градење или спротивно на издаденото одобрени за градба. Тоа значи дека урбанистичките планови немаат врска со бесправното градење во смисла на тоа дали некој ќе направи бесправна градба или не. Вие може да имате урбанизирано подрачје, да добиете дозвола, да отстапувате од дозволата и повторно имате див објект. Затоа ви виелам овој закон е за просторно и урбанистичко планирање, постапката санкционирање и следење на бесправната градба не се третира во процесот на донесување на урбанистички планови. Тоа се две сосема различни работи. Урбанистичкиот план само ја предвидува содржината, а дали некој ќе се придржува кон тој план или не сосема е надвор од темата на овој закон.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петров.

Реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Репликата да ја искористам како дообјаснување. До колку чекаме да дојде законот за градење или за градежно земјиште, а не знаеме кога тоа ќе се случи, бидејќи сегашниот Закон го третираше ова казниво дело, ќе беше добро во законот да имаше една преодна одредба дека овие казни ќе стојат додека се регулираат со некој закон и тоа постоело до сега. Затоа, она што ние сме загрижени во овој вакум простор додека дојде законот за градење или за градежно земјиште да не се случат работи кои нема да бидат казниви. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Контра реплика има господинот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров**: Во делот на инспекцискиот надзор од страна на единиците на локална самоуправа, урбанистичките и градежни инспектори се донесуваат такви кои што потврдуваат дали некој инвеститор постапува согласно урбанистичката документација и одобрението за градење. Таа постапка нема да биде прекината, таа псотапка ќе тече, во таа постапка се издаваат три документи кои без оглед на брзината со која ќе бидат донесени во моментот не го спречуваат инвеститорот објективно да престане со градба. Тоа значи дека вие до колку сакате да градите диво ќе дојде инспекторот, ќе ви даде записник и со тоа сте должни да запрете со градењето, меѓутоа, дали ќе направите така или не - апсолутно, треба да се донесат уште два акти во таа управна постапка и дури после тоа да добие извршност и конечност постапката. Затоа, се согласувам со вас дека секој вакуум простор е штетен, меѓутоа, овде нема да се случи тоа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петров.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Мене навистина многу работи не ми се логични, не ми се јасни, меѓутоа, престанав да барам логика во потезите и предлозите што ги прави власта. Значи како можам да прифатам дискусии од владеачките пратеници кои ни кажуваат по повод овој наш амандман за враќање на членот 70 кој власта предлага да се брише за казнените одредби за бесправно градење, кои ни кажуваат пратениците да не бидат загрижени, или дека овој амандман е анахрон. Дали тоа испаѓа дека некои претходни пратеници не знаеле што прават, не знаеле какви закони донесуваат, па сега вие ја исправате работата и ни кажувате пред целата македонска јавност дека во овој закон не треба да има казнени и кривични одредби за бесправно градење.

Прво, се јавуваат повеќе прашања: зошто токму сега на оваа власт и текна да брише една ваква одредба од Законот за просторно и урбанистичко планирање, која предвидува дека за бесправна градба спротивно на важечкиот урбанистички план треба да се казни со парична казна за кривично дело бесправно градење оној кој го направил тоа, значи правното лице. Кому тоа му одговара, која е целта, која е позадината. Дали

ова значи заложба на Владата за воведување на поголем ред или поголем неред. Јас реков дека потезите на власта немаат логика, меѓутоа, не можам да ја пратам нивната нелогика, затоа морам да зборувам логички. Овој амандман, враќањето на ваква одредба, ваква санкција значи воведување на ред. Сега ако на оваа власт и одговара неред, тоа значи дека има некои скриени, можеби матни намери, можеби политички интереси, можеби евентуално и криминални интереси, можеби некого да заштити или амнестира преку нешто вакво. Мислам дека е многу наивно образложението, оправдувањето дека Кривичниот закон третира вакво кривично дело. Таа ваша логика и тоа оправдување, да не речам објаснување испраќа дека во сите закони ако е тоа принцип треба да се бришат, да не постои воопшто глава на казнени одредби, што е нонсенс, што е измишљотина на оваа Влада. Ако држите до тоа оправдување, зошто тогаш не бидете доследни на она што го велите и не само членот 70 да го бришете, туку зошто не ги бришете членовите 71, 72, 73, 74, 75, 76 до 77, 78. Сите овие членови предвидуваат казнени санкции, некои кривични,некои прекршочни. Значи избришете се, не треба никој да одговара, треба да продолжи урбаниот хаос. На крајот на краиштата, ако во некој закон, ако некој закон што регулира некоја материја што е псоебно проблематична, тоа е урбанизмот, знаеме што ни се случува во урбанизмот, знаеме до каде стаса оваа Влада со борбата против урбаната мафија, дека беше се само фол, беше се само за сликање, обичен маркетинг, тогаш овој закон е еден од најприоритетните каде што треба да постојат вакви казнени одредби. Значи на ваков начин ли Владата ќе ги штити интересите на граѓаните. Со вакви ли предлози за бришење на казнени одредби за бесправно градење Владата ќе ја зголемува правната сигурност во нашата држава. Со вакви потези на Владата ќе го почитува принципот на владеење на правото и подеднаква примена на законите. Значи ова е сосема спротивното од она за кое се залага Владата. Само да ве прашам, каде ви е Кинескиот ѕид? Рушевте таму, се сликавте кобајаги рушевте некои поткровја, а ниту нешто е срушено, ниту нешто е тргнато. Наместо да ги рушите темелите тој Кинески ѕид да не постои. Тоа ви се примерите колку сте загрижени, колку ве боли глава за урбаната мафија, а од друга страна колку сакате можеби некого да заштитите на ваков нелегален начин.

Дали логиката на бришењето на вакви одредби во Законот за санкционирање на бесправно градење значи воведување на безаконие, дополнителен хаос и охрабрување на сите оние кои го прекршуваат законот, а за кои Владата нема политичка волја, нема храброст, нема можност да ги открие, да ги казни и да ги сруши тие безправни градби од кои некој профитира и кои го нарушуваат ликот на градовите и го нарушуваат просторот во градовите, кои го прават нефункционален просторот. Дали логиката и интересот е да се воведе безаконие или да се воведе ред и санкции. На кој му пречи санкција? Еве, и да е вишок според вашето толкување и да е доволна заштитата преку одредбите во Кривичниот закон, која е пораката што ја праќате. Безаконие? Не казнување, не одговорност? Кому му пречи од вишок на претпазливост, вишок на санкции, а оној што работи чесно нема ни да ја забележи оваа одредба од законот, ако некој мисли чесно да работи. Дали Владата нема сила да применува вакви одредби, не е способна, или подлегнува на притисоците можеби на урбаната мафија. Дали тоа е одлучноста на борбата на Владата против организираниот криминал, а урбаната мафија, урбанизмот е само еден манифестационен облик кој е многу изразен и кој го гледаме со голи очи по улиците, по градовите, по Скопје посебно. Значи од вишок на претпазливост на санкционирање не боли глава, меѓутоа, оваа Влада очигледно мисли поинаку. И како што тргнала наместо да не заштити од урбаната мафија, таа создава поволна почва да ги охрабри сите оние кои градат надвор од законот да го прават тоа и понатаму. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Реплика има заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам потпретседателе.

Јас внимателно ги слушав сите укажувања од страна на пратениците, меѓутоа, одговорот е многу прост. На дневен ред на оваа седница која веќе е започната се и измените и дополнувањата на Кривичниот законик и тука постои посебно поглавје за кривичното дело безправно градење. Погледајте го, ќе видите дека бесправното градење нема да помине несанкционирано како што сега интерпретираме, туку постои посебо поглавје во Кривичниот законик каде сепак се санкционира како кривично дело и се дадени неколку одредби во тој закон. Затоа, мислам дека дискусиите се од тој сегмент дека ние во овој момент го амнестираме кривичното дело “бесправно градење”, што не е вистина. Вие сте самите сведоци дека во последната година голем број на инвеститори и на останати, кои беа спомнати тука како иницијатори на бесправните градби во Скопје и пошироко се осудени, за дел од нив постои кривична постапка, така што претерана дискусија за прифаќање на овој амандман не треба да има. Дефинитивно тие се внесени во Кривичниот законик и тој треба да се најде пред вас за неколку дена сигурно и пак ќе биде кривично дело бесправното градење.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Палоши.

Контра реплика има господинот Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Две работи само ќе кажам. Прво, за Кривичниот закон кој е на дневен ред ќе дојде тука претставник на Владата господинот Маневски како министер за правда и вие нема што да зборувате за тој закон. Вие не одговоривте на

мојата дискусија по овој закон за просторно и урбанистичко планирање.

И втора работа, велите Владата покренала кривични постапки, осудила и т.н. Тоа е едниот сегмент од работата, од проблемот, казните кои треба да ги стигнат оние кои го прекршиле законот. Меѓутоа, дивите, бесправните градби останаа како споменици на неспособноста на оваа Влада до крај да го реши проблемот со урбаната мафија и да застане на патот. Кое фајде го имаат граѓаните од некој што ќе оди во затвор ако дивите градби останат и Владата нема механизам и волја да ги сруши и да се спротивстави на урбаната мафија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Реплика има господинот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам.

Ќе реплицирам во делот на излагањето на колегата Кондарко кој е правник по професија, кој напомна односно предложи зошто не се избришат сите членови од казнените одредби до колку смета Владата дека нема потреба од казнување.

Колега Кондарко, многу накратко сакам само да прочитам на кого се однесуваат другите членови кои остануваат во законот.

Членот 71 се однесува за правното лице изработувач на планот. Членот 72 се однесува за правното лице кое извршило стручна ревизија на планот, а не ги исполнува условите. Членот 73 се однесува за одговорното лице за општината кое нема да обезбеди стручна расправа по планот. Членот 74 се однесува на парична казна за одговорното лице ако не обезбеди јавна презентација и јавна анкета на планот. Членот 75 се однесува на одговорното лице ако не објави во јавните гласила за времето и местото каде ќе биде изложен планот. Членот 76 се однесува за одговорното лице во општината кое нема да обезбеди соодветно чување на планот. Членот 77 се однесува на одговорното лице кое нема да достави потребни податоци и  информации.

Колега Кондарко, сите овие членови се однесуваат на одговорните лица и институции во псотапката на донесување на планови. Всушност, тоа е и намерата, тоа е и целта на овој закон. Цело време разговараме за постапка на донесување на урбанистичка документација, на урбанистички планови, нивна реализација и спроведување. Процесот на бесправно градење не се однесува на донесувањето на плановите. И претходниот текст на законот со сите членови кои се опфатени овде, само во еден го третира бесправното градење. Сите други членови не се однесуваат на бесправното градење и не може да се однесуваат, бидејки таа материја не е предмет на овој закон. Прочитајте ги внимателно сите членови, никаде и во ни еден член на законот нема да сретнете термин “бесправно градење” освен во овој член кој е веќе исфрлен. Сите други прекршочни одредби се однесуваат на постапката и на лицата вклучени во оваа псотапка за изготвување, донесување и спроведување на урбанистичките планови.

Сметам дека објаснувањето ќе го прифатите во насока дека денес разговараме за еден закон кој што има строго дефинирана рамка во која се движи и цел која треба да ја обезбеди. Санкционирањето на бесправната градба апсолутно нема место во овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петров.

Контра реплика има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Јас и понатаму не мислам дека на бесправното градење не му е место во овој закон. Тоа значи дека некои претходни пратеници според вас апсолутно не знаеле што прават.

Втора работа: јас не предложив да се бришат останатите казнени одредби, јас го покажа апсурдот што го правите вие со бришењето на членот 70 и кога веќе добро објаснивте на што се однесуваат тие останати одредби, прво, тие се за прекршочни санкции, значи го бришете најважниот член меѓу нив каде се предвидува кривична санкција и санкција за лицата инвеститори, односно правните лица кои се одговорни за градбите на објектите. Значи апсолутно го бришете најважниот член и тука ја гледам нелогичноста на вашата постапка затоа што го издвојувате токму овој член кој предвидува кривични санкции.

**Бесим Догани:** Реплика има госпоѓа Катерина Димевска, повелете.

**Катерина Димевска:** Благодарам почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

И јас имам една кратка реплика на излагањето на колегата Кондарко.

Имено и моето размислување оди во насока на следното.

Во неговата дискусија тој буквално рече дека се брише санкционирањето. На кого смета санкционирање, се обрати со тие зборови.

Со самиот факт што самиот кажа зошто понатамошните членови, член 71, член 72, 73, 74, 75, 76, 77 кои што ги прочита мојот колега Горан Петров самиот призна дека не е избришано санкционирањето. Санкционирањето постои таму каде што му е местото во овој закон кој денес го разгледуваме.

Уште еднаш да потсетам, денес го гледаме изменувањето и дополнувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање. Санкционирањето во овие членови е точно во таа насока, на просторното и урбанистичко планирање, стручни расправи, изработувачи на планови, стручник ревизии итн, итн, беа прочитани овие членови и не би сакала да ги читам.

Во самата дискусија, уште еднаш ќе потенционирам почитуваниот колега самиот се поби во она што го тврдеше дека се врши бришење на санкционирањето, не е точно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас госпоѓо Димевска.

Господинот Борис Кондарко се јави за контра реплика, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитувана колешке како не е точно кога јас читам овде дека се брише одредбата која го говори следното: “Правното лице кое гради или изградило градба на сопственост на туѓо земјиште, посебно на важечкиот урбанистички план што важи за нарушување на урбанистичкиот простор ќе се казни со парична казна од толку и толку, за кривично дело безправно градење”.

Значи, не само што бришете санкционирања, туку бришете и кривично дело. Останатите се полесни условно одредби кои санкционираат, третираат, опфаќаат прекршочни казни. Значи, дотолку повеќе тоа е апсурд. Зошто го бришете токму овој најважен член.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам.

На дневен ред ни е еден материјален закон и во сите материјални закони се предвидени казнени одредби за почитување на материјалните одредби регулирани во тој закон. Според тоа казнените одредби можат да се однесуваат само на непочитување на одредбите од тој материјален закон, а не и за други области.

Беше искажано мислење дека не е на одмет, и ако е нешто одвише ставено дека не го нарушува интегритетот на законот. По таа логика овде можеме да предвидеме одредби за кривично дело силување, или обљуба на малолетно лице, грабеж, или било што само да не е на одмет, или грабеж на градежно земјиште или не знам што. Според тоа длабоко сум убедена дека и поднесувачите на овој амандман се свесни дека не му е местото тука, туку ме загрижува нивната упорност да објаснат нешто што не може да се објасни.

Мислам дека целта е само една, а тоа е што почнавме да работиме сериозно по овој закон и да се најде начин да се стопира работата на денешниот ден. Сметам дека ова не е во прилог на конструктивноста на однесувањето на опозиционите партнери. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Дулиќ.

Контра реплика има господинот Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитувана колешке Дулиќ.

Јас очекував да бидете посериозни и поконструктивни кога ги давате примерите за други кривични дела, како на пример силувањето што го споменавте, меѓутоа јас ќе бидам сериозен и ќе ви објаснам уште еднаш сериозно и конструктивно.

Бесправното градење за кое говориме е директно поврзано со одредбата став 1 од член 70 кој го бришете спротивно на важечкиот урбанистички план. Значи, со урбанистичкото и просторно планирање што е предмет на регулирање на овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Јас навистина сум изненаден од квалификациите. Јас почитувам дебата, почитувам што колегата Петров кажа и другите дебатираме и заменик министерот го кажа својот став, тоа е во ред. Едните со другите се убедуваме во однос на ставот, но ова што колешката Дулиќ го кажа сега дека сме осетиле дека сериозно се дебатира, сакаме да одолговлечиме што повеќе. Ајде нека дојдат пратениците и нека го изгласаат овој закон, ама сега ќе престанеме да дебатираме по овој амандман. Јас сега ќе престанам, ова е последен амандман и да видиме дали ќе се собере парламентарното мнозинство ако толку сериозно осетиле дека треба да бидат одговорни и да го донесат законот во оваа форма во која што е предложен, да видам навистина каква е сериозноста. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски за вашите забелешки. За жал беа вон амандмански, но во ред како и да е.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да го изгласаме амандманот.

(Некои пратеници Влегуваат во салата)

Почитувани дами и господа пратеници,

Бидејќи во салата нема доволен број на пристуни пратеници овде ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме со работа утре во 12,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,46 часот)